Архивски број: 08-321/5
Датум: 17.06.2026

Постапувајќи по претставката бр.08-321/1 од 23.03.2026 година, поднесена од --------------- од Скопје, за сторена дискриминација по основ на припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/20) на седницата одржана на 28.05.2026 година, го донесе следното:

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги, врз --------------- од Скопје од страна на ---------------.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На ден 23.03.2026 година лицето --------------- од Скопје поднесе претставка бр. 08-321/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата) за сторена дискриминација по основ на припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги.

Во наводите во претставката подносителката наведува дека претставката се поднесува против Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта --------------- во делот кој се однесува на користењето на Повластена паркинг карта за лица со попречености. Имено, со наведениот Правилник на корисниците на Повластена паркинг карта им е дозволено да паркираат на сите паркиралишта на --------------- освен на резидентните паркиралишта коишто не се наменети за нив, паркиралиштата од затворен тип, катна гаража „---------------- “. "Паркиралишта од затворен тип се паркинг ---------------, ---------------, ---------------, ---------------, --------------- и ---------------. Забраната е без никакво образложение. Очигледно е дека се работи за паркиралишта од строгиот центар кои овозможуваат пристап на лицата со попреченост до важни објекти и државни згради. Понатаму во претставката се наведува дека паркиралишта од затворен тип се паркиралишта на кој е поставена електронска картичка за влез и има рампа. Иронијата да биде поголема на овие паркиралишта има по две места резервирани за инвалиди но без повластен третман со што мислам дека се изигрува законот и се врши индиректна дискриминација на оваа категорија на граѓани. Според подносителката нашата држава признава позитивна дискриминација и дава повластен третман на оваа категорија на граѓани токму од причина што истите сесо потешкотии во движењето и им е потребна помош за поблизок

пристап до институциите и локациите во градот заради нивна поголема самостојност. Со наведениот правилник овој третман се ограничува само за инвалидите и се одбива да им се издаде електронска картичка, со образложение дека Правилникот не дозволува. Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата е донесен на 22.08 2022 година и заведен под бр.02-17190. Со овој Правилник не се предвидени ограничувања и забрани за користење на паркинзите од страна на инвалидите но истото е сторено во Правилникот за јавни паркиралишта. Претпоставувам дека причината е чисто финансиска. Подносителката наведува дека за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта --------------- дозволува користење на нивните паркиралишта и на секое лице со попреченост му се издава електронска карта со кој може да ги користи сите паркиралиштата. Што се однесува до ---------------на оваа категорија на граѓани им се издава налепница со која може да ги користи отворените паркиралишта, но не им се издаваат електронските картички за користење на сите паркиралишта. Подносителката цени дека со Правилникот се врши дискриминација на оваа категорија на граѓани и им се ограничува Уставно загарантираното право дадено со членот 35 став 2 и 3 од Уставот на РС Македонија во кој се вели: Републиката им гарантира право на помош на немоќните и неспособните за работа граѓани. Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот. Според наведеното предлага да се укине Правилникот во делот кој се однесува на ограничувањата на инвалидните лица за пристап до одредена категорија на паркиралишта и да им се издава електронска карта со која ќе имаат пристап до сите паркиралишта на ---------------, исто како и ---------------, од причина што тие имаат потешкотии во движењето и им е потребен најблизок пристап до објектите.

Комисијата со барање бр.08-321/2 од 20.04.2026 година ја достави претставката и побара изјаснување од ------. Во доставениот одговор од ------ се наведува дека наводите од претставката се неосновани, од причина што станува збор за два различни Правилници односно подзаконски акти со кои се уредува начин на делување од страна на ------. Имено, со Правилникот за користење на јавните паркиралишта од значење па ------ се уредува начинот на користење на паркиралиштата со кои ------, додека пак со Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта, се уредуваат условите под кои се издава повластена паркинг карта и со истиот во никој случај не се предвидува дека лицата на кои им е издадена повластена паркинг карта за лица со попречености, можат да ги користат сите паркиралишта како што сака да прикаже подносителот па претставката, за да може да се тврди дека Правилникот за начинот на користење на јавните паркиралишта да го ограничува тоа право. Од друга страна, на подносителот на претставката не му е забрането-ограничено правото да ги користи и затворените паркинзи и Катната гаража ------, односно може да ги користи под одредени услови, со надоместок------ со Правилникот за издавање на повластена паркинг карта, поточно со повластената паркинг карта за лица со попречености, ги ставил во поповолна положба овие лица и им овозможил повластено (бесплатно) да се паркираат на комерцијалните паркиралишта. Имено, истиот ги олеснил условите за

пристап до паркиралиштата, односно овозможил повластен третман на лицата со попреченост, па истите можат да ги користат отворените - комерцијални паркиралишта без надоместок, што значи поповолно од останатите граѓани. Дополнително, наведуваат дека ------, веќе со години склучува договори за повластени паркинг карти со лица со попреченост со цел подобрување на мобилноста на истите и олеснување па нивното секојдневие. Имајќи го во предвид горенаведеното, јасно е дека не е сторена дискриминација спрема подносителката на претставката, особено што и самата кажува дека повластено и е овозможено да користи паркиралишта со кои стопанисува ------. Тоа што подносителката на претставката не може да ги користи сите паркиралишта повластено, односно бесплатно, не значи дека и е ограничено правото на истото, особено што и на тие паркиралишта се предвидени паркинг места посебно обележани за лица со попреченост и тие се наменети само за овие лица, а останатите корисници на паркингот не можат да ги паркираат своите возила на истите. Со тоа всушност е сторена позитивна дискриминација врз основа на здравствената состојба на лицата со попреченост, што значи дека подносителката па претставката во никој случај не е дискриминирана. Согласно сето погоре наведено, сметаат дека не се исполнети условите согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не се врши дискриминација спрема лицето ------ од страна на ------.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Комисијата ценејќи ги подеднакво изнесените факти и околности во претставката, и дополнително добиените сознанија утврди дека во конкретниот случај не постои дискриминација, бидејќи на лицата со попреченост им е овозможено користење на сите паркинг места означени за оваа намена под еднакви услови. Околноста што само одредени паркинзи овозможуваат бесплатно паркирање не претставува различен третман врз основа на попреченост, туку произлегува од различниот режим на управување и наплата на паркинг просторот. Со оглед на тоа, не е утврдено дека со наведените правилници кои ја регулираат областа подносителката

била ставена во понеповолна положба во однос на други лица во споредлива ситуација поради нејзината попреченост, поради што Комисијата оцени дека не е сторена дискриминација.

Комисијата разгледуваше и дали во конкретниот случај постои индиректна дискриминација, но сепак не утврди дека исклучувањето на затворените паркиралишта од режимот на повластено паркирање (без надомест) доведува до фактичко оневозможување или значително отежнување на пристапот на лицата со попреченост до јавни улсуги или објекти, имајќи во предвид дека лицата со попреченост можат да ги користат и затворенита паркиралишта, дека на истите се обезбедени посебно одбележани паркинг места и дека е овозможен пристап до истите под услови утврдени за овој тип на паркиралишта.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател
Душан Томшиќ

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk